## МАКЕДОНСКА СПОРТСКО КАЧУВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА

# ПРАВИЛНИК
# за
# работата на Македонската репрезентација во спортско качување

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Овој правилник ја определува работата на македонските репрезентативци во спортско качување во склоп на МСКФ.

Член 2

Во склоп на МСКФ делуваат две репрезентации:

**1. СЕНИОРСКА Национална репрезентација во спортско качување:**

Членки на репрезентацијата се најдобрите спортски качувачи и качувачки во апсолутна категорија, кои се натпреваруваат на меѓународните натпревари на највисоко апсолутно ниво (светско и европско првенство, светски и европски куп), кои се организираат од IFSC (International Sport Climbing Federation), како и на Балкански купови и Првенства.

**2. МЛАДИНСКА национална репрезентација во спортско качување:**

Членки на репрезентацијата се најдобрите спортски качувачи и качувачки во категоријата, која се натпреварува на европските младински првенства и на светските младински првенства: U16, U18 и U20. Ги исполнува сите услови кои ги пропишува IFSC.

Тука спаѓа и селекцијата на најмалите спортски качувачи цицибани U8, U10, U12 и U124, кои се натпреваруваат на меѓународни неофицијални натпреварувања (според ISFC овие категории немаат официјални Светски и Европски првенства).

Член 3

Правилникот е наменет за двете репрезентации и подеднакво важи за сите.

РАКОВОДСТВО НА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈАТА

Член 4

Сениорската и младинската репрезентација си имаат посебни раководства.

Член 5

За раководството на репрезентацијата постои правилник со сите свои одредби, кој не смее да се користи за приватни придобивки.

СОСТАВ НА РАКОВОДСТВОТО НА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈАТА

Член 6

Раководството на репрезентацијата е составено од:

- селектор(водач на репрезентацијата),
- тренер(ри) и
- помошник(ци) на тренерот.

Избор на раководство на репрезентацијата:

Член 7

Изборот на раководството на репрезентацијата оди по следниот редослед:

**1. Избор на селектор:**

МСКФ објавува конкурс за селектор, во кој ги поставува условите. Пријавите треба да бидат тајни и како такви се испраќаат, каде на состанок на МСКФ се отвораат и се разгледуваат. Спротивно на ова пријавите не се земаат во предвид.

По разгледување на предлозите од пријавите за селектор, претседателството на МСКФ, по пат на гласање го избира селекторот или го потврдува стариот. Селекторот ја започнува својата работа по добиената писмена потврда од МСКФ.

**2. Избор на тренери и помошници**

Тренерите и помошниците, ги избира селекторот, кој пак тој својата екипа ја преставува на претседателството на МСКФ, а таа ја потврдува. Доколку претседателството на МСКФ не го потврди изборот на тимот, селекторот дава нов предлог (или стариот од минатата сезона). Доколку и овој предлог не помине, тогаш се оди на нов избор за селектор.

Селекторот има право во согласност со претседателството на МСКФ да врши замена на тренерите и помошниците, доколку не е задоволен од нив. Причините за тоа писмено ги доставува до МСКФ.

Член 8

Мандатот на селекторот и на целокупното раководство трае 4 години. Секоја година претседателството на МСКФ ја оценува работа на селекторот и репрезентацијата. Доколку оцената на селекторот е негативна, претседатеството на МСКФ по пат на конкурс избира нов селектор, а може да е пред истекот на мандатот.

Член 9

За време на нивниот мандат, Раководството на репрезентација е осигурано од незгоди. Покрај тоа, секој член на раководството потпишува документ за одговорност.

Должности и обврски на раководството на репрезентацијата

## МАКЕДОНСКА СПОРТСКО КАЧУВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА

Член 10

Во овој член се преставени должностите и обврските на селекторот на репрезенатцијата:

**Селектор -Општо:**

- во својата работа е поштен, вреден и непристрасен;
- одговорен за работата на целата репрезентација;
- за својата работа одговара пред претседателството на МСКФ;
- се грижи за добриот и спортски дух на репрезентацијата;
- именува тренери и преостанати помошници;
- во јавноста не ги изнесува проблемите и политиката на
- репрезентацијата;
- навремено ги известува членовите на репрезентацијата за активностите:
- ❖ годишен план: писмено или електронско известување до клубовите, за календар на натпревари на кои ќе се учествува!
- ❖ тековни активности: писмено или електронско известување до секој репрезентативец и тоа 15 дена пред активноста!

Да го подготви годишниот план на работа на репрезентацијата во кој се наведени:

а) планирани натпревари;
б) предвидени тренинзи;
в) предвидени заеднички тренинзи;
г) преостанати планирани активности;
д) начин на плаќање натпреварувачка котизација;

- ❖ Избира репрезентација и подготвува екипа за меѓународните и преостанатите активности,
- ❖ Беспрекорно го познава меѓународниот натпреварувачки правилник и со него ги запознава тренерите и натпреварувачите,
- ❖ Организира тренинг на вештачка карпа и во качувачките локалитети,
- ❖ Ги прибира и ги евидентира сите податоци и документи во врска со репрезентацијата и на барање издава годишен извештај,
- ❖ Писмено одговара на писмените приговори или жалби од членовите на репрезентацијата и клубовите,
- ❖ Организира средба на тренери и на членови од репрезентација сениори,
- ❖ Вешто раководи со финасиските средства за репрезентацијата;
- ❖ Подготовка на годишен финансов план;
- ❖ Во законскиот рок ги предава аконтациите за котизација и лиценца;
- ❖ Ги контролира сметките на преостанатите тренери помошници;
- ❖ Подготвува месечни сметки и ги испраќа на претседателот на МСКФ;
- ❖ Ги подготвува резултатите од ДП и Ранг листата;
- ❖ Посредува со преставник од МСКФ, во информирање на јавноста за достигнатото;

- По потреба учествува на спортска медицина при тестирање на моториката и другите тестови и прегледи на репрезентативците;
- Организира заеднички собир на крајот од натпреварувачката сезона;
- На крајот од сезоната подготвува годишен извештај и финансиска пресметка;

**Селектор – на натпревари:**

- се грижи за дисциплината и безбедноста;
- се грижи за финансиските средства, наменети за натпревари; организира заминување на натпревар(место, дата) и враќање дома;
- организира маркетинг пропаганда на крајот од натпреварот;
- се грижи за доволна количина освежителни-енергетски пијалоци и правилна исхрана на репрезентативците (младинска репрезентација);
- се грижи за пријавите на натпреварите;
- учествува на техничките состаноци пред натпреварите;
- за тимот ги собира сите потребни информации од организаторот;
- се грижи за навремено влегување во изолациона зона;
- за време на натпреварот:
  - го следи натпреварот и ги евидентира резултатите,
  - по потреба вложува жалба за работата на судијата,
  - се грижи за видео снимка од нашите репрезентативци,
  - се грижи за време и по натпреварот, сите натпреварувачи репрезентативци да ја гледаат видео снимката од нивното качување;
  - проверува неточни резултати и ги опоменува судиите;
  - на разглас ја доставува македонската химна и знаме, доколку тоа го бара организаторот;
- се грижи за фотографии, текст и мал поклон до спонзорите;
- за време на натпреварите носи зададена репрезентативна облека.

**Селектор – на тренинг:**

- се грижи за дисциплината и безбедноста;
- организира соодветен термин и место за тренинг;
- организира поставувачи на насоки и со нив соработува;
- се грижи за доволна количина освежителни-енергетски пијалоци и правилна исхрана на репрезентативците(младинска репрезентација);
- за време на тренинг:
  - ги подготвува натпреварувачите и ги евидентира достигнувањата, со свои коментари;
  - со качувачите дискутира за качувањето;
  - по потреба снима со видео камера;
  - по потреба осигурува натпреварувачи;
  - по завршување на тренингот пишува известување, кое содржи:

во кратко тренингот, тип насоки, бројност, повеќеважни особини, непредвидени случки, потреби;
- дава коментари околу качувањето на натпреварувачите и други забелешки околу качувањето;
- се консултира со тренерите и помошниците;
- дава оцена за поставувачите на насоките;
- по завршување на тренингот помага во расчистување на салата, доколку е потребно;

Член 11

Во овој член се наведени должностите и обврските на тренерот и помошникот.

**Тренер и помошник тренер - општо:**

- Во својата работа е поштен, вреден и непристрасен;
- Му помага на селекторот, во годината во која е назначен;
- Се грижи за добриот и спортски дух на репрезентацијата;
- Во јавноста не ги изнесува проблемите и политиката на репрезентацијата;
- Учествува во изборот на репрезентативците и тимот кои ќе учествуваат на меѓународни натпревари;
- Учествува на собирот на тренери и репрезентацијата(сениорска);
- Учествува на завршниот собир на крајот од сезоната;
- Учествува на заедничките тренинзи;
- Ги подготвува репрезентативците и ги анализира натпреварите;
- Соработува со спортска медицина при испитувањата на моториката и другата психофизичка спрема.

**Тренер и помошник тренер – на натпревари:**

- Одговорен е за репрезентацијата за време на патувањата и за време на престојот;
- Одговорен е за дисциплината и безбедноста на репрезентативците;
- Одговорен е за фер и пријателски однос во тимот;
- Ја води активноста во изолационата зона:
- Навремено и правилно загревање;
- Навремено излегување на старт;
- Психолошка подршка на натпреварувачите;
- Ако правилата дозволуваат, организира оглед на стазата и помага при тоа;
- Во изолационата зона останува до последниот натпреварувач:

  - со “U” категориите - задолжително!

  - Истотака со “U” категориите - во договор со селекторот и натпреварувачите може да ја напушти изолационата зона уште со првиот македонски натпреварувач;
- Сениори/те - по договор;
- по завршување на качувањето организира и води видеоанализа на качувањето;

- по завршување на качувањето пишува извештај, кој содржи:
  - кратко резиме за натпреварот, тип на насока, повеќеважни особености, непредвидени случки, потреби;
  - коментар за качувањето на натпреварувачите и преостанатите запазувања во врска со качувањето;
- Дава примедби, предлози, мислење;
- Го известува селекторот за својата работа, специфичностите, особеностите;
- За време на натпреварите ја носи репрезенатативната облека.

**Тренер и помошник на тренерот - тренинг:**

- Се грижи за дисциплината и безбедноста за време на тренингот,
- Се грижи за репрезенатативците за време на тренингот,
- Ја предводи активноста во изолационата зона:
  - навремено и правилно загревање,
  - навремено заминување на качување.
- За време на тренингот:
  - ги подготвува натпреварувачите и евидентира белешки и свои коментари,
  - со качувачите коментира за качувањето,
  - по потреба снима со видео камера,
  - по качување на една насока организира и води оглед на видеозаписот,
  - по потреба ги осигурува качувачите.
- По завршување на тренингот (за 7 дена) поднесува извештај, кој содржи:

- на кратко за текот на тренингот, тип на насоката . . .
- повеќе важни особености, непредвидени случки, потреби, коментар за качувањето на натпреварувачите и преостанати,
- забелешки во врска со качувањето,
- оцена за квалитетот на насоките.
- примедби, предлози, мислење,
- по завршување на тренингот помага во расчитување на салата, доколку е потребно,
- му доставува извештај на селекторот за својата работа, особеностите, тежината.

Член 12

Членовите на раководството на репрезентацијата за својата работа примаат плата, која е по основ на “Критериум за наградување на работата во македонската репрезентација во спортско качување“.

# МАКЕДОНСКА СПОРТСКО КАЧУВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА

## ЧЛЕНОВИ НА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

### Избор на репрезентативци

Член 13

Правото да си репрезентативец односно член на македонската репрезентација во спортско качување го има секој граѓанин на РМ, кој ги задоволува пропишаните старосни категории, да е член на клуб кое е регистрирано при МСКФ и да ги исполнува критериумите за членство во репрезентацијата.

Член 14

Изборот на репрезентативците го врши селекторот, која пак по потреба се советува со преостанатите членови на раководството на репрезентацијата. Избраната екипа со гласање ја потврдува Претседателството на МСКФ.

Член 15

Составот на репрезентативците помеѓу големите натпревари и преостанатите активности на репрезентацијата лесно се менува. На тренингот на репрезентацијата, покрај репрезентативците можат да тренираат и кандидатите за репрезентација.

Член 16

**Критериумите за избор на репрезентација се:**

- Натпреварите од државното првенство;
- Меѓународните натпревари;
- Изборни натпревари во организација на раководството на репрезентацијата;
- Оцена на раководството на репрезентацијата.

Во изборот на репрезентацијата потребно е да бидат 70% исполнети горенаведени услови, но исто така не смее да се остане само на мислењето на раководството на репрезентацијата.

Член 17

Избраните натпреварувачи за нивниот избор ќе бидат известени писмено по пошта, најкасно 7(седум) дена по потврдата на раководството на репрезенатцијата.

Член 18

Максимум бројот на членовите на репрезентацијата за меѓународните натпревари го одредува правилникот на IFSC, додека внатре во таа пропишана квота, селекторот на репрезентацијата повторно одлучува за бројката. Селекторот лесно доаѓа до пропишаната бројка, а доколку дојде до спреченост(повреда, болест итн) на некој репрезентативец, тогаш се земаат во предвид резервните репрезентативци.

## МАКЕДОНСКА СПОРТСКО КАЧУВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА

Член 19

За направениот избор се известува клубот од каде членува репрезентативецот. Доколку некој клуб има забелешки и примедби околу изборот на репрезентативците, треба најкасно 7(седум) дена по објавувата да достават жалба до МСКФ, а претседателството на МСКФ треба да даде писмено образложение до клубот.

### ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА РЕПРЕЗЕНТАТИВЕЦОТ

Член 20

**МСКФ на репрезентативецот му обезбедува:**

- Покривање на трошоци за спиење и по можност исхрана, на натпреварите кои се предвидени во календарот за учество на меѓународни натпревари;
- Организиран превоз на натпреварите,
- Репрезенатативна облека за натпреварувачите од највисок ранг (светско и европски купови и првенстава, балкански),
- Редовно присуство на заеднички тренинзи, собири и натпревари,
- Тестови за психофизичката спремност,
- Дополнително осигурување за време на репрезентативните Натпревари,
- Помош при достигнувањето на статус врвен спортист.

Член 21

Должности на репрезентативецот:

- Чесно, гордо и достојно да ја преставува Република Северна Македонија на сите меѓународни и домашни натпревари;
- Да се однесува во склад со правилата, кои се поставени од раководството на репрезентацијата;
- Да соработува на сите маркетинг промоции, презентации, акции и покровителство;
- Позитивно и добронамерно да учествува во работата и припремите на репрезентацијата;
- Да не ги изнесува во јавноста проблемите и политиката на репрезентацијата;
- Со ништо да не ги загрозува своите и резултатите на репрезентацијата,
- Да покажува позитивно расположение и позитивен однос кон со репрезентативците;
- Во дадениот рок да го исплати финансиски долг(доколку има);
- Навремено да го извести селекторот за можни повреди, болест, проблеми од приватна природа итн;
- Да ја користи уредно опремата на репрезентацијата на сите јавни настапи, натпревари и други активности.

Член 22

**Права на репрезентативецот натпреварувач се :**

- Да рамноправно учествува во работата на репрезентацијата;
- Да рамноправно учествува на подготовките на репрезентацијата;
- Да ги исполни зададените норми кои ќе ги зададе селекторот и тренерот ;
- Да дава писмени предлози за подобрување на работата на репрезентацијата;
- Да дава писмени примедби и жалби за неправилности за работата за него и за репрезентацијата;
- Да ги рекламира своите лични спонзори, покрај спонзорите на репрезентацијата.

## ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ

Член 23

Во случај на непочитување на наведените правила и норми, репрезентативецот лесно ги губи сите права како репрезентативец. Во случај на големи прекршувања на правилата тој го губи статусот репрезентативец.

За помали санкции, одлучува селекторот, додека за исклучување одлучува претседателството на МСКФ.

Член 24

Раководството на репрезентацијата има право да го исклучи членот на репрезентацијата од репрезентацијата и да му забрани да се натпреварува, во следните случаи:

1. Доколку користи стимулативни допинг средства;
2. Конзумира алкохол за време на активностите во репрезентацијата;
3. Пуши за време на активностите во репрезентацијата(важи само за младинската репрезентација);
4. Намерно кршење на меѓучовечките односи внатре во репрезентацијата;
5. Непримерно и недолично однесување за време на активностите во репрезентацијата;
6. Непочитување на одлуките на раководството на репрезенатцијата;
7. За сите други постапки, кои го доведуваат во прашање угледот на репрезенатцијата на РМ, репрезентативците и самата МСКФ.

## РАЗНО

Облека на репрезентацијата:

Член 25

Облеката на репрезентацијата е облека со пропишани норми која ја

користат сите репрезентативци.
Облеката на репрезентацијата се носи најмалку 3 натреварувачки сезони, се додека не се подготви нова.
За потребите на репрезентацијата задолжително е да се подготви горниот дел од облеката како елек или јакна или блузон, кратка маица, а по можност и качувачки панталони.

Член 26

Изглед на облеката(наведени се задолжителните норми):

- елек или јакна или блузон:

  - Задна (грбна) страна: “MKD“(задолжително), државна и репрезентативна ознака: “ MKD climbing team” и знамето на РСМ .
  - Предна страна - лево: државна ознака;
  - Предна страна - десно: логото на МСКФ; (макс 10х4см);

За друг тип облека, за која не е пропишано, а репрезентативецот сака да ја користи при јавен настап треба да се придржува кон IFSC правилата.

Член 27

Во случај да ја изгуби официјалната репрезентативна облека, натпреварувачот може да добие нова и при тоа ги плаќа трошоците за неа.

## НАДЗОР НА РАБОТАТА НА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈАТА

Член 28

Претседателството на МСКФ, најмалку два пати годишно врши надзор и дава оцена за работата на репрезентацијата. Тој надзор се прави во почетокот(по првите натпревари) и на крајот од натпреварувачката сезона.

Член 29

Претседателството внимателно ги следи извештаите на селекторот и преостанатите мислења, предлози, примедби кои се однесуваат за репрезентацијата.

Член 30

Сите одредби на овој правилник се донесени во склоп со статутот на МСКФ.

Член 31

Прирачникот стапува на сила оној момент, кога МСКФ ќе го потврди.

24.11.2018, Скопје